Врз основа на член 21 од Законот за земјоделско земјиште (“Сл. весник на РМ“ бр.135/07), по Одлука бр.22-9932/1 од 01.11.2010 година Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, распишува

**Ј А В Е Н О Г Л А С бр. 09/10**
**за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост**

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

Се дава во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за регионот **Радовиш** за површина од **35ха 68ар 39м$^2$**

| Р. бр | КАТАСТАРСКА ОПШТИНА | МЕСТО ВИКАНО | И.Л. бр. | К.П. бр | култура | К.К | ПОВРШИНА | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | m$^2$ |
| 1 | Радовиш | Свинјивир | 4638 | 4921/2 | 11000 | 2 | | 71 | 33 |
| 2 | Радовиш | Свинјивир | 4638 | 4923/1 | 11000 | 4 | 6 | 95 | 19 |
| 3 | Радовиш | Свинјивир | 4638 | 4925/1 | 13000 | 1 | 9 | 70 | 46 |
| 4 | Радовиш | Свинјивир | 7 | 4924/1 | 11000 | 3 | 14 | 95 | 00 |
| 5 | Радовиш | Свинјивир | 7 | 4926/1 | 11000 | 4 | 2 | 48 | 54 |
| 6 | Радовиш | Свинјивир | 7 | 4927 | 13000 | 4 | | 58 | 64 |
| 7 | Радовиш | Свинјивир | 7 | 4977 | 11000 | 2 | | 29 | 23 |
| **Се вкупно:** | | | | | | | **35** | **68** | **39** |

Податоците за земјоделско земјиште од овој јавен оглас (податоци содржани во имотниот односно поседовниот лист) се во согласност со катастарската евиденција и увид во тие податоци за секоја површина може да се направи на огласна табла во подрачната единица во Министерството, надлежна за соодветната огласена површина.
Времетраењето на закупот за кој се издава земјиштето е:
- подигање на маслинарници за период до 50 години,
- подигање на долгогодишни насади (лозја, овоштарници, хмељ), за период до 30 години,
- спортско-рекреативни активности и рурален туризам до 30 години,
- рибници за период до 20 години,
- одгледување на други земјоделски култури за период до 15 години,
- ливади за период до 15 години,

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

1) Право на учество на јавниот оглас имаат домашни физички и правни лица и странски правни лица.
2) Физичките лица од ставот 1 од овој член треба да се регистрирани вршители на земјоделска дејност и/или да се трговец поединец на кои земјоделското производство или преработката на примарни земјоделски производи да им е претежна дејност.
3) Странските правни лица од ставот 1 на овој член, имаат право да учествуваат на јавен оглас доколку имаат регистрирано подружници во Република Македонија.
4) На домашните и странските правни лица или нивните подружници земјоделското производство или преработката на примарни земјоделски производи да им е претежна дејност или земјоделското земјиште им е потребно за вршење на научно-истражувачки дејности.
5) Право на учество на јавниот оглас немаат лицата од ставот 1 на овој член кои ги немаат намирено обврските по основ на закупнина по претходно склучени договори за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост.
6) Право на учество на огласот немаат правни лица за кои е отворена стечајна постапка, како и непрофитните организации.

## III. ОБРАЗЕЦ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС (БАРАЊЕ)

Образецот за учество на јавниот оглас (барањето) со листа на објавени катастарски парцели, може да се подигне во подрачните единици на Министерството или во Министерсвото на ул Јуриј Гагарин бр.15а Скопје и истиот мора да се пополни со сите потребни податоци и да се достави со потребната документација во затворениот коверт, во спротивно барањето нема да биде разгледувано.

## IV. ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ПОНУДУВАЧОТ Е ДОЛЖЕН ДА ЈА ДОСТАВИ СО БАРАЊЕТО

1) Учесниците на јавниот оглас за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост во закуп се должни да достават:

**а) за правни лица:**

- пријава - барање (образец од подрачна единица на Министерството);
- доказ (акт) издаден од Централниот регистар на Република Македонија за извршениот упис во трговскиот регистар или од друг надлежен орган за упис на правните лица;
- доказ за намирени обврски по однос на придонеси на плати и плати за вработените (потврда издадена од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, потврда издадена од Фонд за здравствено осигурување и уверение издадено од Управа за јавни приходи);
- бизнис план кој содржи основни податоци за учесникот, целта за која ќе го користи земјоделското земјиштето, применета технологија, број на вработени, идни сопствени инвестициони активности во делот на постберберната маркетинг инфраструктура за сопственото производство како и за производство од други производители во регионот, очекувани производно - економски резултати;
- потврда од подрачна единица на министерството дека нема обврски по однос на неплатена закупнина за користење на земјоделско земјиште во државна сопственост;
- понуда за износот на годишната закупнина и
- изјава (заверена на нотар) од основачите и одговорното лице во правното лице дека не биле основачи или управители на правното лице кое користело земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп, а кое не ги исполнило обврските од тој договор.

**б) за физички лица:**

- пријава – барање (образец од подрачна единица на министерството);
- доказ за подмирени јавни давачки;
- фотокопија од лична карта;
- програма за користење на земјиштето кое содржи основни податоци за семејството, техничко-технолошка опременост, целта за која ќе го користи земјиштето, идни сопствени инвестициони активности во делот на постберберната маркетинг инфраструктура за сопственото производство како и за производство од други производители во регионот;
- решение за регистриран вршител на земјоделска дејност (издадено од подрачна единица при Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство или од фондот за пензиско и инвалидско осигурување за стекнато својство на осигуреник како индивидуален земјоделец) или доказ од централниот регистар за регистиран трговец поединец;
- понуда за износот на годишната закупнина;
- изјава за веродостојноста на податоците дадени со пријавата заверена на нотар;
- потврда од подрачна единица на министерството дека нема обврски по однос на неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште и
- изјава заверена на нотар дека не бил основач или одговорно лице во правното лице кое користело земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп, а кое не ги исполнило обврските од тој договор.

2) Некомплетни и ненавремено доставени пријави на јавениот оглас нема да се разгледуваат.

3) За докажување на материјално техничката опременост секој понудувач е должен да достави соодветен доказ (сообраќајна дозвола, фактура, договор за купопродажба заверен на нотар, правосилна судска одлука или акт на друг надлежен орган) и во постапката ке се цени само материјално техничката опременост на понудувакот за кое има доставено ваков доказ.

4) Понудите кои не ја содржат целата потребна документација, кои се поднесени по истекот на рокот за поднесување, означен коверт со која би можел да се идентификува понудувачот, понуди помали од почетната цена на годишната закупнина или се поднесени од лице кое нема право да поднесува понуди, како и понудите кои не се изработени според условите утврдени во јавниот оглас, нема да бидат разгледувани.

**V. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА**

Образецот за учество на јавниот оглас (барањето) се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од понудувачот.

Секој понудувач може да достави само едно оригинално барање (понуда).

Барањата се поднесуваат во рок од 20 дена од денот на објавувањето на јавниот оглас во дневниот печат, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Скопје.

**Понудата и другата документација се доставуваат во затворен коверт на кој во горниот лев агол треба да стои ознаката „*не отворај*„**, „*Понуда по Оглас* ***09/10*** *за земјоделско земјиште под закуп* и во средина „*Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ул.Јуриј Гагарин бр.15а Скопје„.*

**Ковертот не треба да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува понудувачот, односно испраќачот.**

**VI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ**

1) Комисијата врши избор на најповолен понудувач врз основа на критериумот утврден во член 27 став 1 од Законот за земјоделско земјиште ("Сл. весник на Р.М." бр. 135/07):

- највисока понудена годишна закупнина

Големината на површината на земјоделско земјиште која ке ја добие еден понудувач ке се утврди врз основа на критериумите утврдени во член 27 став 2 од Законот за земјоделско земјиште („Сл. весник на Р.М." бр. 135/07) и член 4 од **Правилникот** за поблиските критериуми за избор на најповолен понудувач на земјоделско земјиште во државна сопственост ("Сл. весник на Р.М." бр.12/08) и тоа:

- минимално материјално –техничката опременост на понудувачот и
- бројот на планирани вработувања односно вработени според бизнис планот како следи:
- за површини **до 15 ха** - најмалку 1 трактор од лесна категорија (до 80 KW) и најмалку еден планиран вработен во редовен работен однос;
- за површини **до 30 ха** – најмалку 2 трактори од лесна категорија или најмалку 1 средна (од 80 KW – 120 KW) и најмалку 2 планирани вработени во редовен работен однос;
-за површина **до 50 ха** - најмалку 4 трактори од лесна категорија или најмалку 2 средна или најмалку 1 тешка (над 120 KW) и најмалку 4 планирани вработени во редовен работен однос;
- за површина **над 50 ха** бројот / капацитетот на механизација сразмерно да расте со големината на површината која ке се обработува и на секој 15 хектари планирано по еден вработен во редовен работен однос

За докажување на материјално техничката опременост секој понудувач е должен да достави соодветен доказ (сообраќајна дозвола, фактура, договор за купопродажба заверен на нотар, правосилна судска одлука или акт на друг надлежен орган) и во постапката ке се цени само материјално техничката опременост на понудувакот за кое има доставено ваков доказ.

2) Почетната цена на годишната закупнина на земјоделското земјиште е **10 %** од просечниот принос на пченицата остварени во регионот каде што се наоѓа земјоделско земјиште во пследните пет години, изразена во денарска противвредност пресметана по просечната откупна цена во Република Македонија остварена во претходната година.

3) Просечната откупна цена на пченица остварена во **2009 година** изнесува **8.00 денари**.

Табеларен приказ од просечниот принос на пченица во кгр/ха и почетната цена на годишната закупнина на земјоделското земјиште.

| Р. бр | РЕГИОНИ | ПРОСЕЧЕН ПРИНОС Кгр/Ха | ПОЧЕТНА ЦЕНА ДЕН/Ха |
|---|---|---|---|
| *1.* | **РАДОВИШ** | **2.904 кгр/ха** | **2.323 ден/ха** |

**VII. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

За дополнителни информации понудувачите може да се обратат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на телефон:**02 313 44 77** или да ја посетат веб страницата на Министерството www.mzsv.gov.mk